**ОПШТИНА ШТИП**

МС СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18/24-105*
*3.10.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 Штип со Одлука бр. 08-687/1 од 26.01.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.2), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета

## по изготвен

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ.01.04, СО НАМЕНА „А“ ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП ( Опфат помеѓу улицитеул. Карл Маркс, крак на ул. Карл Маркс и ул. Пиринска )

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

-Од јужна страна со осовина на улица Пиринска

-Од југозападна страна осовина на ул: Карл Маркс “

-Од североисточна страна со осовина на крак на ул: Карл Маркс

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 6 327.65m2.



*Општина Штип ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

Scanned with CamScanner

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ.01.04, СО НАМЕНА „А" ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП ( Опфат помеѓу улицитеул. Карл Маркс, крак на ул. Карл Маркс и ул. Пиринска ) ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на 7 октомври 2024 год (понеделник) и истиот ќе трае до 21 октомври 2024год (понеделник).

Јавната анкета и јавната презентација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ.01.04, СО НАМЕНА „А" ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП ( Опфат помеѓу улицитеул. Карл Маркс, крак на ул. Карл Маркс и ул. Пиринска ) ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 22 октомври 2024 (вторник) до 20 ноември 2024 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 14 ноември (четврток) 2024 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

Scanned with CamScanner